АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9, мезанин, локал 5 - Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје објавува:

Јавен оглас
за потреба од вработување на работници на неопределено време

Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, има потреба од вработување на **4 (четири)** работници на неопределено време за следните работни места:

1. За работно место **"Самостоен сметководител"** во Дирекција на Акционерското друштво – **2 (два)** работника со завршено ССС – економски техничар во Сектор за економско финансови работи и информатика - Отсек за сметководство и финансиска оператива, со 1 (една) година работно искуство со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток помеѓу 7.30 и 8.30 часот и завршеток помеѓу 15.30 и 16.30 часот), основна нето плата **29.461,00 денари.**

2. За работно место **"Референт за теренска контрола на деловни простории и комунални услуги**" во АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, Регионален центар Кичево, Работна единица Охрид – **1 (еден)** работник со завршено ССС и 1 (една) година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток помеѓу 7.30 и 8.30 часот и завршеток помеѓу 15.30 и 16.30 часот), основна нето плата **20.166,00 денари.**

3. За работно место **"Одговорен референт за тековно и инвестиционо одржување**" во Сектор за стопанисување со деловен простор во АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, Регионален центар Кичево, Работна единица Прилеп – **1 (еден)** работник со завршено ВСС и 1 (една) година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток помеѓу 7.30 и 8.30 часот и завршеток помеѓу 15.30 и 16.30 часот), основна нето плата **27.875,00 денари.**

Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат општите услови согласно Закон, како и посебните услови предвидени со Правилникот за систематизација на работни места на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје и тоа:

- да имаат завршено соодветно образование наведено за конкретното работно место и работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

Кандидатите со пријавата (со контакт телефон и адреса), во која се наведува за кое работно место од огласот се пријавува, треба да достават и докази за исполнување на наведените услови и тоа:

- диплома, уверение или свидетелство за завршено образование со бараната стручна подготовка (оригинал или копија заверена на нотар);
- доказ за работно искуство (оригинал или копија заверена на нотар);
- уверение за државјанство (оригинал или копија заверена на нотар).

Рокот за пријавување на кандидатите е **5 (пет) работни дена** од денот на објавувањето на огласот (до 14.02.2020 година).

Ненавремените и некомплетните пријави нема да се разгледуваат.

Пријавата со документацијата во оригинал или копија заверена на нотар се доставува на адреса на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје – Дирекција на ул. "Стале Попов" бр.9, мезанин, локал 5 во Скопје, препорачано преку пошта или во архивата на Акционерското друштво секој работен ден од 8.00-16.00 часот.

Пријави доставени по e-mail нема да се разгледуваат.

АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје ќе изврши избор од пријавените кандидати во законски предвидениот рок (45, 90 или 120 дена) во зависност од бројот на пристигнатите пријави.

Лице за контакт: Г. Данов, тел. 02/3233 281; 076/361-386